**20131543657**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 67 став 3 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ИНЦИДЕНТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување и решавање на граничните инциденти.

Член 2

Постапката за утврдување на гранични инциденти се презема со цел да се утврдат околностите и причините поради кои дошло до граничен инцидент, како и последиците што настанале од граничниот инцидент.

Член 3

Дејствието што се смета за граничен инцидент се пропишува со меѓународни договори на двете соседни држави ратификувани согласно нивните национални прописи.

Член 4

Утврдувањето на граничните инциденти се врши согласно ратификуваните меѓународни договори на Република Македонија со соседните држави и опфаќа: прибирање на податоци за првичните сознанија за граничниот инцидент; известување на органите надлежни за решавање на инцидентот во Република Македонија и соседната држава која е засегната со инцидентот; излегување на местото на кое се случил граничниот инцидент, доколку е тоа возможно; обезбедување траги од други материјални докази од значење за утврдување на постоењето на граничен инцидент; составување на записник за увид и преземање на други мерки потребни за утврдување на фактичката состојба.

Член 5

(1) Надлежните служби кои вршат граничен надзор, штом ќе дознаат или забележат дека е извршено дејствие што претставува граничен инцидент, без одлагање ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување на трагите и други материјални докази за извршеното дејствие и ја известуваат организациската единица на Министерството за внатрешни работи надлежна за гранични работи на чие подрачје е извршено дејствието што претставува граничен инцидент.

(2) Организациската единица на Министерството за внатрешни работи од ставот (1) на овој член, го известува претседателот на македонскиот дел од секторската мешовита комисија за решавање на гранични инциденти.

Член 6

(1) Известувањето за дознавањето дека е извршено дејствие што претставува граничен инцидент содржи: датум и час на извршувањето на дејствието, податоци за извршителот, податоци за местото, начинот и средствата со кои е извршено дејствието што претставува

граничен инцидент, податоци за последиците што настапиле со извршувањето на дејствието, како и други забележувања од значење за утврдување на граничниот инцидент.

(2) Во случај кога властите или други лица и органи на странска држава извршат повреда на воздушниот простор на Република Македонија долж граничната линија на Република Македонија, во известувањето, покрај податоците од ставот (1) на овој член, се наведуваат податоци за: воочениот вид и ознака (модел и тип) на воздухопловот со кој е извршена повредата, правецот и височината на летот, длабочината на навлегувањето на воздухопловот во внатрешноста на воздушниот простор, метеоролошките услови, местото од кое е воочена извршената повреда и времето и правецот во кој воздухопловот го нарушил воздушниот простор на Република Македонија.

(3) Претседателот на македонскиот дел од секторската мешовита комисија, по потреба може да побара податоци за инцидентот во воздушниот простор на Република Македонија од надлежната оперативна единица на Армијата на Република Македонија, односно од надлежните органи за воздухопловна навигација во Република Македонија.

(4) Ако дејствието што претставува граничен инцидент е извршено на граничните води на езерата, во известувањето, покрај податоците од ставот (1) на овој член, се наведуваат податоци за: видот на пловниот објект, позицијата и движењето на пловниот објект и метеоролошките услови.

Член 7

(1) Врз основа на добиеното известување од членот 5 од овој правилник, доколку е возможно надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи врши увид на местото на кое е извршено дејствието што претставува граничен инцидент. При вршење на увидот присуствува претседателот или негов заменик и најмалку еден член на македонскиот дел од секторската мешовита комисија за решавање на гранични инциденти.

(2) Секогаш кога со граничниот инцидент ќе настапи смрт или телесна повреда на лице, кога е причинета значителна материјална штета и кога на територијата на Република Македонија се загрозени правата, слободите и личната сигурност на граѓаните на Република Македонија се врши увид на местото на кое е извршено дејствието што претставува граничен инцидент.

(3) При вршење на увидот соодветно се применуваат одредбите на Законот за кривичната постапка.

(4) Ако е потребно дополнително да се утврдат определени факти или доколку тоа го бара претседателот на македонскиот дел од секторската мешовита комисија за решавање на гранични инциденти, се врши и реконструкција на граничниот инцидент.

(5) Во реконструкцијата на граничниот инцидент од ставот (4) на овој член, може да учествуваат и претставници на мешовитата комисија на соседната држава.

(6) За извршената реконструкција на граничниот инцидент се изготвува записник.

Член 8

Граничните инциденти се решаваат:

- од страна на мешовити комисии за решавање на гранични инциденти и
- по дипломатски пат.

Член 9

Мешовитите комисии за решавање на гранични инциденти може да се формираат како:

- Главна мешовита комисија за решавање на гранични инциденти, чии претставници од македонскиот дел се определени од страна на министерот за надворешни работи, по предлог на министерот за надворешни работи и на министерот за внатрешни работи и

- секторски мешовити комисии за решавање на гранични инциденти, чии претставници од македонскиот дел се определени од страна на министерот за внатрешни работи.

Член 10

(1) Мешовитите комисии од членот 9 од овој правилник се составени од претседател, постојани членови и нивни заменици, согласно ратификувани меѓународни договори меѓу соседните држави.

(2) Покрај претседателот и постојаните членови од ставот (1) на овој член, во македонскиот дел од мешовитите комисии може да бидат ангажирани и експерти од други државни органи, со цел собирање на материјални докази, утврдување и докажување на конкретен граничен инцидент.

(3) Ангажирањето на експертите од ставот (2) на овој член, се врши по писмено барање на претседателот на македонскиот дел од Главната односно секторската мешовита комисија.

Член 11

Мешовитите комисии ги решаваат граничните инциденти согласно ратификуваните меѓународни договори со кои се уредени работите во врска со утврдување и решавање на граничните инциденти.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на утврдување и решавање на граничните инциденти („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/07).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 86-3538/2
15 октомври 2013 година
Скопје

Министер за надворешни работи,

м-р **Никола Попоски,** с.р.

Бр. 12.1-54841/1
10 септември 2013 година
Скопје

Министер за внатрешни работи,

м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.